Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Број 75, 1 март 2012 година

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

март 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област максилофацијална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно поле/област клинички медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - во звање асистент за научната уметничка област музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Пијанистички техники“ од авторот доцент м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез саксофон – практика и вежби“ од доцент м-р Георги Мицанов, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 38

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот оркестар на народни инструменти 1“ од м-р Марјан Јанкоски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 40

**ИЗВЕШТАЈ** од Комисијата за утврдување на подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за научна работа ..... 42

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 48

**ПРИГОВОР** од кандидатката Весна Танчева ..... 49

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатката Весна Танчева ..... 50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕРАБОТКА НА АНИМАЛНИ ПРОИЗВОДИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, на седницата одржана на 20.12.2011 година, донесе Одлука број 1802-239 од 20.12.2011 година за формирање на Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавени кандидати по Конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник“ и „Лајм“ на 9.12.2011 година за избор е еден ***наставник во сите наставно-научни звања*** за наставно-научната област ***преработка на анимални производи*** на Земјоделскиот факутет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во состав:

- д-р Митре Стојановски, редовен професор на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот „Св. Климент Охритски“ - Битола, претседател,
- д-р Стефче Пресилски, редовен професор на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот „Св. Климент Охритски” - Битола, член,
- д-р Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, член.

На Конкурсот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *преработка на анимални производи* на Земјоделскиот факултет се пријавил кандидатот д-р Ацо Кузелов, доцент во областа преработка на анимални производи на Земјоделскиот факутет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Ацо Кузелов** е роден на 21 март 1959 година во Штип. Основно образование завршува во Свети Николе, а средно земјоделско училиште во Куманово. Во 1979 година се запишува на Земјоделскиот факултет во Скопје, насока Сточарство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Дипломира во јуни 1984 година и се здобива со звање дипломиран инженер агроном по сточарство. Во јануари 1985 година се вработува во Кланица и фабрика за преработка на месо (денешен МИК) - Свети Николе, како раководител на повеќе работни единици.

Постдипломски студии завршува во 1992 година на Ветеринарниот факултет во Белград, каде што успешно го одбрани магистерскиот труд под наслов *„Споредбено испитување на pH во некој мускули на бутот кај закланите свињи“.*

Во академската 1997-1998 година е избран за наставник во насловно звање по предметите Обработка на месо и Преработка на месо на Вишата земјоделска школа во Битола.

Во академската 1998/1999 година се запишува на докторски студии на Универзитетот за прехранбена технологија на Катедрата за технологија на месо и риба во Пловдив Р. Бугарија. На 18 април 2003 година успешно ја одбрани докторската дисертација под наслов „Испитување на можностите за подобрување на квалитетот на месните производи добиени од крупни преживни животни преку ензиматска обработка”, со што се стекнува со титула доктор по прехранбена технологија - технологија на месо.

Во академската 2006-2007 година изведува настава по предметот Технологија на месо, млеко риби и јајца на Ветеринарниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Д-р Ацо Кузелов во мај 2007 година е избран за доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за предметите Основи на сточарското производство и Анатомија со физиологија на домашните животни, каде што работи и денес.

Од изборот во звање доцент до денес, кандидатот д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделскиот факултет во Штип, активно учествува на домашни и меѓународни конгреси, конференции, семинари и симпозиуми.

Добро ги владее англискиот, руските, српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик и компјутерските програми: Word, Excel, Power Point, Internet.

***Научноистражувачка дејност***

Д-р Ацо Кузелов во периодот до изборот за доцент (2007 – 2011 г.) ги објавува и презентира следниве трудови:

1. Кузелов **А.,** Трајчова Дијана, Маркова Наталија, Балабанова, Билјана (2006): Влијание на различни концентрации Глуконо-делта лактон врз промените на pH во процесот на зреење на сировите колбаси 35-40, Годишен зборник, Земјоделски факултет, UDc 63 (058) ISSN 1409-987X. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Р. Македонија.
2. **Кузелов А.,** Кировска Цигулевска Олга (2007): Процеси на зреење на сировите колбаси. Сипозиум по сточарство со меѓународно учество, 12-14 септември 2007 година, Охрид, Р. Македонија;
3. Кузелов **А.,** Трајчова Дијана, Маркова Наталија, Балабанова Билјана. (2007): Влијание на ферментот колагеназа врз структурно-механичките карактеристики на конзерви со месо, Годишен зборник, Земјоделски факултет, UDC 63( 058) ISSN 1409- 987X, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Р. Македонија;
4. **Кузелов Ацо,** Кировска-Цигулевска Олга (2008): Приложение на комбинация от добавки, подходјашти за производство на сурово – сушени колбаси, Научна конференција со меѓународно учество, прехранбена наука и техника и технологии, 24-25 октомври Том LV, Свитьк1 2008 година, Пловдив;
5. **Кузелов А.,** Стојановски, М., Милевска Елена. (2008): Добив на топло трупно месо от свине от порода ландра, Научна конференција со меѓународно учество, прехранбена наука и техника и технологии, Том LV, Свитьк1 24-25 Октомври , Пловдив;
6. Kirovska-Cigulevska Olga,Vasilev Vasilev K**., Kuzelov A** (2008).: Risk analysis and preventive measures in the HACCP implementation approach 150-154 Food science, engineering and technologies Volume LV,Issue1 October 24-25, Plovdiv;
7. Стојановски М. Милевска Елена. Кузелов А. (2008):Утицај састав меса на квалитет чајних кобасица (397-400) XIII саветовање о Биотехнологији Зборник радова Вол. 13,(14). 2008. Чачак, 28-29 март;
8. Кузелов **А.** Кировска- Цигулевска Олга (2008): Хемиски состав на јајцевата содржина кај различни видови живина 119-122, УДК0/9 ISSN 0430-0950 Македонско научно друштво Битола, Прилози бр. 09-10;
9. **Kuzelov A.,** Dijana Naseva, G. Bojkov (2009): Statistical processing of the chemical analysis of some meat products Jear book Volume IX Faculty of Agriculture University Goce Delcev Stip R. Macedonia;
10. **A.Kuzelov** Olga Kirovska Cigulevska (2009): Application of a new micro- enzymatic preparation in processing of canned beef meat products . Journal Fleisch wirschaft International 2 Volume 24 d 42804 F;
11. А. Кузелов, И. Есмеров (2010): Можности за производство на храна за домашни миленици ( 215 -221) Списание Прилози број 11-12. УДК 0/9 ISSN 0420-0950 2010 .Македонско научно друштво Битола Р. Македонија;
12. **Кузелов А.**. М.Стојановски, Дијана Насева (2010): Учество на основните делови и ткива во труповите од крстоски добиени помеѓу Буша и Сименталец Годишен зборник на Земјоделски факултет Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. UDC 63 (058). ISSN 1409-987X;
13. **Kuzelov A.** (2010): Impact on the Quality of the meat By The Length Of transport Of Pigs (275-279) Sojuz na Ucenite na Bulgarija Klon Blagoevgrad Naukata, Obrazovanieto I izkustvoto prez 21vi vek Godisnik Tom 4 Blagoevgrad;

14. **Kuzelov A.** (2010): Chemical and microbiological Examening of Final Meat products As An Indicator Of Their Quality (8-11) 20th Anniversary International Scientific Conference 3-4th June, Stara Zagora, Bulgaria;
15. **Kuzelov A.**, M. Stojanovski (2010): Ucesce masa misica Musculus Semimembranosus i Musculus Semitendinosus u trupovima I butovima kod svinja rase daland ( 833-836) XV Savetovanje o Biotehnologiji Zbornik Radova Cacak Vol. 15.(17) 2010 26-27 Mart;
16. **Kuzelov A.**, M. Stojanovski (2010): Anatomsko topografske karakteristike unutrasnjih organa kod svinja (837-841) XV Savetovanje o Biotehnologiji Zbornik Radova Vol. 15.(17) Cacak 26-27 Mart 2010.
17. **Kuzelov A.** (2010): Nitrites Content In Some Raw Dried Meat Products (239-242) Scientific Works Jubilejna naucna konferencija s Mezdunarodno ucastie Tradicii i predizvikatelstva predi Agrarnoto obrazovanie nauka i biznes Volume IV , book 1. 14 -17 Oktomvri, Plovdiv R. Bulgaria;
18. **Kuzelov A.** (2010): After The Transport of catle on the Quality of Meat Scientific Works Jubilejna naucna konferencija s Mezdunarodno ucastie Tradicii i predizvikatelstva predi Agrarnoto obrazovanie nauka I biznes Volume IV , book 1.14 -17 Oktomvri Plovdiv R. Bulgaria;
19. **Кузелов А.** (2010): Добив на топло трупно месо од порода Симентал Зборник на научни трудови, Меѓународна научна конференција „Хранителна наука, техника и технологии“, Том LVII Свитьк 1. (121-124) Пловдив 15-16 октомври;
20. Кузелов **А. М. Младенов (2010): Добив на свинско трупно месо од порода далант** Зборник на научни трудови), **Меѓународна научна конференција** „Хранителна наука, техника и технологии“, Том LVII Свитьк 1. (124-126), Пловдив, 15 16 октомври;
21. Вангелица Јовановска, **Кузелов А**.(2010): Произвеждане на сурово сушени колбаси в Месната индустрија и кланица - Свети Николе Меѓународна научна конференција „Хранителна наука, техника и технологии“, Том LVII Свитьк 1. (115-120) Пловдив, 15 -16 октомври;
22. **Kuzelov A.,** N. Taskov, Dijana . Naseva, (2011) : Kvantitativne i kvalitativne osobine mesa svinje rase Dalant Vol16.(18). 551-556.XVI Medjunarodno savetovanje o Biotehnologiji Cačak 4-5 Mart 2011. Vol.16. (18);
23. **Kuzelov A.,** Elena Atanasova (2001): Participation of main parts and Internal organs in Rabbit meat ( 2011): Journal of Biotechnology in Animal Husbandry . 27.1. 55-61 UDC 636 ISSN 1450-9156;
24. **Kuzelov A.,** Oksana Savinok, Elena Atanasova (2011 ): Phenotypic connection of the main body parts of rabbits and layers; Journal of Biotechnology in Animal Husbandry 2011: 27.2. 259.263.UDC 636 ISSN 1450-9156;
25. Кузелов **А., Е**лена Атанасова, (2011): Качествен состав и месодајна характеристика при машки и женски зајаци; Меѓународно научно списание Аграрни науки 2011. 3.5. 43-46.Volume 3. Issue 5. Plovdiv 2011.
26. **Kuzelov A.,** Elena Atanasova, Tanja Angelkova, (2011): Slaughtering analysis and chemical composition of rabbit meat International Journa of Agricultural Science and technology 3.2. 176-178. ISSN 1313 -8820.Volume 3 Number 2 June;
27. Фросина Паневска, **А. Кузелов**, М. Стојановски, Тања Ангелкова, (2011): Влијание на консумирането на месо врху липиднија статус на хората; Том LVIII., Свитьк1. 191-196. Зборник на трудови Меѓународна научна конференција Хранителна наука техника и технологиин Пловдив;
28. Јорданоска Б, **Кузелов А.**, М. Стојановски В. Пеливанова, (2011): Хемичен состав и елементи в трагове в мускулна ткан на штрауси (Struthio Camelus) отглеждани в фермски условија в региона на велес Р. Македонија Том LVIII Свитьк.1. 185-190. Зборник на трудови Меѓународна научна конференција Хранителна наука техника и технологиин Пловдив;
29. **Kuzelov A.,** N. Taskov, Tanja Angelkova, Elena Atanasova, M. Mladenov,(2011): Changes in the chemical composition of Musculus quadriceps femoris of beef kept at different temperatures International Journal Biotechnology in animal Husbandry Book 2. 27.3. 1084-1090. UDC 636, ISBN 1450-9156 3rdInternational Congress “”New Perspectives and Callenges of Sustainable Livestock Production Belgrade;

30. **Kuzelov A.,** N. Taskov, Tanja Angelkova, Elena Atanasova, M. Mladenov, (2011): Impact of live weight on the quality of pigs halves and meat of the large white breed International Journal Biotechnology in animal Husbandry Book 2. 27.3. 819-825, UDC 636, ISBN 1450-9156 3rdInternational Congres ""New Perspectives and Callenges of Sustainable Liveastock Production Belgrade;
31. N. Nikolova, D. Kocevski, **Kuzelov A.** ( 2011):Influence of genotype on eggshell strength and the hatchability of laying parents stock flock International Journal Biotechnology in animal husbandry Book 3. 27.4. 1659-1666 UDC 636 ISSN 1450-9156 3 th International Congres New Perspectives and Challenges of Susttaianble Livestock Production Belgrade;
32. Kocevski Д, N.Nikolova, **Kuzelov A.** (2011): The influence of strain and age on some egg quality parameters of commercial laying hens International Journal Biotechnology in animal husbandry Book 3. 27.4. 1649-1658 UDC 636 ISSN 1450-9156 3 th International Congres New Perspectives and Challenges of Susttaianble Livestock Production Belgrade;
33. Савинок Оксана. Рабик В. В.**Кузелов А.** (2011): Анализ впливу способни охолождениjа на показник pH мjaca 2011: Сучасни проблеми Халодноi техники итехнологии VII Международноi науково-практическоi Конференции Харчови технологии; Зборник тез доповдеi частина ISSN 0453 – 8307 Част.2. 133-137. 29-30 09.2011. Одеска Одеска Национална академиjа Харчових Технологии Одеса Украина. Украина.
34. Стојановски М, **Кузелов А.,** Маријана Радевска (2011): Учешче основних делова у полутки свиња расе далант (122 -125) Интернационални симпозиум Агросим Јахорина 1-12. 11. 2011, Сарајево.

***Наставно-образовна и стручно-апликативна дејност***

Во периодот од 2007 до 2011 година, д-р Ацо Кузелов реализира наставата на прв циклус студии по предметите: Месо и преработки на месо, Основи на сточарското производство, Анатомија со физиологија на домашните животни на Земјоделскиот факултет и по предметот Познавање на стоката на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Освен на прв циклус студии тој реализира настава и на втор циклус на студии по предметите Наука за месо, безбедност на храна, примарна обработка на месо и Преработка на месо на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Д-р Ацо Кузелов во периодот од изборот ги има издадено следните учебни помагала:

– „Основи на сточарското производство“, 2009 година, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Земјоделски факултет.
– „Анатомија со физиологија на домашните животни“, 2009 година, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Земјоделски факултет.
– „Практикум по Основи на сточарското производство“, 2011 год. Рецензијата објавена во Билтен број 65 од септември 2011 год.
– „Практикум по Анатомија со физиологија на домашните животни“, 2011 година. Рецензијата објавена во Билтен број 65 од септември 2011 год.

Д-р Ацо Кузелов е активен учесник во Меѓународниот проектот 2010 - 2013 TEMPUS project ''Using local resources for sustainable agribusiness and tourism in the Southern Balkans Funded By EU commission“.

***Останати активности***

Член на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип

Од 15 март 2006 година е член на Македонскот научно друштво, Битола, Р. Македонија.

Од 15 ноември 2011 година е член на Сојузот на учените на Стара Загора, Р. Бугарија.

Од 2007 до 2011 година е член на Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Од 2009 до 2011 и од 2011 до 2015 год. раководител на Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Од 2011 година е член на Организациониот комитет на Меѓународната научно-практична конференција по прехранбени технологиигии организирана од Одеската национална академија за прехранбена технологија во Одеса, Украина.

Д-р Ацо Кузелов е ментор на дипломски работи, член на комисија за оценка и одбрана на магистерски тези.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на објавените научни и научно-стручни трудови, учеството на интернационални и домашни конференции, симпозиуми, семинари, ангажираноста во наставата на Универзитетот „Гоце Делчев“ и други активности, кандидатот доц. д-р Ацо Кузелов поседува извонредни квалитети за наставна и научноистражувачка работа.

Кандидатот доцент д-р Ацо Кузелов ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот свет на Земјоделскиот факултет – Штип **да го избере д-р Ацо Кузелов во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област преработка на анимални производи. На Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Митре Стојановски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Стефче Пресилски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Рубин Гулабоски, вонреден професор, с.р.**

# П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на доцент д-р Ацо Кузелов, доктор на науки по технологија на анимални производи, технологија на месо, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Реден број | Наставно-образовна дејност НО | Број | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во земјава | во странс-тво | |
| 3. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | 3 | 8 | / | 24 |
| 4. | Интерна скрипта од редавања | 1 | 4 | / | 4 |
| 5. | Интерна скрипта од вежби | 1 | 2 | / | 2 |
| 8. | Рецензент на учебник, скрипта и слично | 1 | 2 | | 2 |
| 14. | Ментор за одбрана на дипломска работа | 1 | 1 | / | 1 |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)<br>Предмети ОСП и АФДЖ<br>2008/2009 16 X1,5=24+2 =26<br>2009/2010 16X1,5=24+2 = 26<br>2010/2011 16X1,5 =24 =2 =26<br><br>Предмет МИПМ<br>2010/2011 2X1,5=3+1=4<br>2011/2012 2X1,5=3 +1 =4<br><br>Предмет ПС<br>2010/2011 2X1,5=3=1=4<br>2011/2012 2X1,5=3 +1 =4 | | 78<br>8<br>8 | | 78<br>16 |
| 26. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)<br><br>Предмет МИПМ<br>2011/2012 2X0,2=0,4 | | 0,4 | | 0,4 |
| 27. | Одржани предавања или консултации на постдипломски студии по одржан курс | 12 | 3 | | 36 |
| 30. | Рецензент на соработници наставници | 2 | 1 | | 2 |
| | **Вкупно** | | | | **165,4** |

| Реден број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ) | Број | Поени во земјата во странство | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦА/ЦА/останати) (Редни броеви 10,25,26,29,30,31,32) | 7 | / 7X 6=42 | 42 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (редни броеви 14, 34) | 2 | 2X2 =4 | 4 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер / усно) концерт во земјата и во страсанство (редни броеви 7, 15, 16, 27, 28) | 5 | 5X1,5=7,5 | 7,5 |
| 19. | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | / 2 | 2 |
| | Вкупно | | | **55,5** |

| Реден број | Стручно-апликативна **дејност и организационо-развојна дејност (СУ)** | Број | Поени во земјата во странство | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир (во земјава: редни броеви: 3, 8, 9, 11, 12; во странство: редни броеви :19, 20, 21) | 8 | 5X2=10 3X3 =9 | 19 |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 5 / | 5 |
| 26. | Раководител на завод (студиска програма) | 2 | 3 | 6 |
| 27. | Член на универзитетски или владини тела (2) Сенат на УГД, комисија за научна дејност | 2 | 5 | 10 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија (1) член на ННС | 1 | 2 | 2 |
| | Вкупно | | | **42** |
| | Сѐ вкупно (НО + НИ + СУ) | | | **262,9** |